ТТК БАНКА АД Скопје Бр.2
Бр. 02 - 6996/1
02 -09- 2025

# О Д Л У К А

## за издавање долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на приватна понуда (корпоративна обврзница) (трета емисија на обврзници)

Скопје, септември 2025 година

Врз основа на член 40, став 1, алинеја 10 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, а во согласност со член 383 точка 7 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр. 28/2004, 84/2005, 71/2006, 25/2007, 87/2008, 17/2009, 23/2009, 42/2010, 48/2010, 8/2011, 21/2011, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 217/2015, 6/2016/, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018 и 239/2018) и во согласност со член 7 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, и 83/2018) Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје, на седницата одржана на 2.9.2025 година, донесе

# ОДЛУКА
## за издавање долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на приватна понуда (корпоративна обврзница) (трета емисија на обврзници)

**Член1**

Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје одобрува издавање долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) по пат на приватна понуда во износ од 1.000.000 ЕУР (еден милион евра).

**Член 2**

Елементите на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент -корпоративна обврзница се:

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Издавач на долгорочните должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) | ТТК Банка АД Скопје со седиште на ул. „Народен фронт“ бр. 19А Скопје |
| **2.** | Предмет на регулирање | Издадените долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) ќе се користат за зголемување на капиталот на Банката. |
| **3.** | Начин на издавање на долгорочните должнички хартии од вредност корпоративна обврзница | По пат на приватна понуда. |
| **4.** | Вид на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) и правата што произлегуваат од истите | Долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) со каматен принос (купонска), неограничено пренослива, во нематеријализиран облик, гласи на име. Овие долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) носат право на камата. |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Количина и апоенска структура на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) | 1.000 лота со апоенска структура од 1.000 ЕУР |
| 6. | Номинална вредност на хартиите од вредност што се издаваат | 1.000 ЕУР |
| 7. | Продажна цена на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) | Долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), ќе се понудат по цена од 1.000 ЕУР (во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на ден 01.09.2025 година – еден ден пред денот на носење на Одлуката). |
| 8. | Вкупна вредност на емисијата | 1.000.000 (еден милион евра) |
| 9. | Целта поради којашто се издаваат долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) | Зајакнување на капиталната сила и на вкупниот финансиски потенцијал на Банката, со што Банката планира да ги оствари планираните бизнис цели утврдени во Деловната политика, развојниот и финансиски план за период 2025-2027 година |
| 10. | Податоци за гарантот | Долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) не се обезбедени или покриени со каква било гаранција од страна на Банката или лице поврзано со неа, со што би се намалил степенот на субординација на овие инструменти определена во точка 16 алинеја 4 |
| 11. | Серија на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) | Трета серија. |
| 12. | Висина на каматната стапка, начин на пресметување и исплата на истата | Каматната стапка на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), ќе изнесува 5,0% фиксна за целиот период.<br>Пресметката и исплатата ќе се врши еднаш годишно во денарска противвредност, сметано од денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката.<br>Висината на каматата нема да се менува во зависност од кредитната способност на Банката или пак од кредитната способност на нејзиното матично лице. |

| | | |
|---|---|---|
| **13.** | Роковите на исплата на номиналната вредност на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) и каматата | Првата исплата на каматата ќе започне по истекот на дванаесет месеци од денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката, а ќе заврши по истекот на шест (6) години. Главницата ќе се исплати во целосен износ заедно со последната исплата на каматата, односно по истекот на шест години (6) од датумот на настанатиот прилив на парични средства во Банката врз основа на овие долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница). |
| **14.** | Висина на основната главнина на издавачот и процентот на учество на емисијата | Основната главнина на Банката изнесува 1.033.173.000 денари, а долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), во основната главнина учествуваат со 5,95%.*(**процентот е утврден според среден курс на еврото, во согласност со курсната листа на НБРСМ еден ден пред донесувањето на Одлуката).** |
| **15.** | Извори на средства од каде што ќе бидат отплаќани долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) | Долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) ќе се отплаќаат од тековното работење на Банката. |
| **16.** | Правната положба, односно субординираноста на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) | Долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), се издаваат од страна на издавачот - Банката и се уплаќаат во целост;<br><br>Купувач на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), нема да биде Банката, нејзина подружница или лице во кое Банката има учество;<br><br>Купувањето или одобрувањето на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), не е финансирано директно или индиректно од Банката. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Обврските врз основа на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), се целосно подредени на обврските кон останатите депоненти и доверители на Банката, односно ќе бидат исплатени по измирување на обврските кон останатите депоненти и доверители на Банката.<br><br>Во случај на нова четврта емисија на долгорочни должнички хартии од вредност, оваа долгорочна должничка хартија од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) ќе има приоритет на исплата во однос на други должнички хартии од вредност со ист квалитет и исти карактеристики како оваа долгорочна должничка хартија од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница).<br><br>Обврските врз основа на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), не подлежат на каков било договор што го намалува степенот на субординација, определени во точка 16 алинеја 4.<br><br>Обврските врз основа на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), не можат да бидат откупени или предвреме отплатени, освен во случај на стечај или ликвидација на Банката;<br><br>Имателот на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) не може да бара забрзана отплата на идните побарувања врз основа на камата или главница, освен во случај на стечај или ликвидација;<br><br>Обврските врз основа на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) немаат третман на депозит (штеден влог) и не се предмет на осигурување од страна на Фондот за осигурување на депозити. |

| | | |
|---|---|---|
| **17.** | Ограничувања кои ги носат долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), а кои служат за заштита на идните купувачи на капиталните инструменти | Кај долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) не постојат ограничувања кои ги носат капиталните инструменти, односно слободно може да се тргуваат и трансферираат на секундарен пазар. |
| **18.** | Начин, време и место на запишување на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) | Преку приватна понуда – Во ТТК Банка АД Скопје, ул.Народен фронт бр.19а од 8:00 до 16:00 часот.<br>Издавачот ги запишува во Централниот депозитар за хартии од вредност по одобрение на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија. |
| **19.** | Начин и краен рок на уплата на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) | Уплатата ќе се врши во денари (по среден курс на НБРСМ на ден 01.09.2025 година – еден ден пред денот на носење на Одлуката), на сметка 290-0000277934-61 на Банката.<br>Рок за запишување и уплата е 15 дена од конечноста на решението на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија. |
| **20.** | Начин на кој се објавува издавањето на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) | Соопштение за приватна понуда. |
| **21.** | Постапка за распределба на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), во случај на приватна понуда | Познати купувачи на 100% од емисијата. |
| **22.** | Идентитет на познатите купувачи како и обликот и висината на нивните вложувања | Сите информации за познатите купувачи се дадени во Прилог бр.1 кон оваа Одлука. |
| **23.** | Преносливост на хартијата од вредност | Обврзниците се неограничено преносливи.<br><br>(Издавачот на овој инструмент ќе побара прием на котација на Македонската берза). |

**Член 3**

Во случај на доцнење на исплата на камата, односно главнината на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), по истекот на роковите, Банката се обврзува да им плати на имателите законска казнена камата.

**Член 4**

Долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) се регистрираат во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Правото на сопственост и правото на располагање се стекнува со денот на регистрација на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница), во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Член 5**

Собранието на ТТК Банка АД Скопје го овластува Управниот одбор поблиску да ги уреди и доуреди сите други неопходни чекори кои ќе произлезат во согласност со законската и подзаконската регулатива од Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот за реализација на емисијата на долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) и да врши измени и дополнување на оваа Одлука доколку тоа е потребно за успешно спроведување на Одлуката.

**Член 6**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се спроведе во рок од 12 месеци од денот на нејзиното донесување.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач,**

**Томе Волкановски**

ТТК БАНКА АД 2 Скопје